Врз основа на член 387, 388 и 388а од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** упатува:

Деловен систем за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи
АДИНГ АД
Бр. 02-1661/4
21.04 2022 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВЕН ПОВИК**

До акционерите на *Деловен систем **АДИНГ АД** за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инжeнеринг работи, Скопје, Новоселски пат бр.11 (1409)*.

За учество на собранието на друштвото, кое ќе се одржи на ден **26.05.2022 г.** со почеток во **$12^{00}$ h**, во седиштето на Друштвото во Скопје на ул. Новоселски пат бр.11(1409)(во дворот на отворено) со следниот:

***Дневен ред***

*Процедурален дел*

1. Избор на претседавач на Собранието.

*Работен дел*

2. Одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на АДИНГ АД Скопје во 2021 година.
3. Одобрување на консолидирана годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на поврзаните друштва во деловниот систем.
4. Одлучување за распределба на добивка.
5. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Надзорниот и Управниот одбор.
6. Донесување на одлука за откуп на сопствени акции.
7. Донесување на одлука за продажба на сопствени акции.
8. Избор на ревизор за годишната сметка за 2022 година.

Во насока на почитување на мерките за спречување на ширењето на Ковид-19, АДИНГ АД Скопје препорачува акционерите да го остварат правото на гласање на Годишното собрание со писмена кореспонденција (гласање со кореспонденција), со цел да се обезбеди успешно одржување на закажаното Собрание.

Се повикуваат сите акционери да гласаат по точките на дневен ред, одлуките и материјалите објавени заедно со Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање со кореспонденција, кој е објавен на официјалната интернет страница на Друштвото на следниот линк: https://www.ading.com.mk/

Уредно пополнетиот Образец за гласање со кореспонденција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.
Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер физичко лице е потребно да достави и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа). Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер правно лице е потребно да достави и копија од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа) на законскиот застапник на правното лице. Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака "За Годишно собрание на акционери", мора да бидат примени во седиштето на АДИНГ АД Скопје, адреса ул. Новоселски пат бр.11(1409), 1000 Скопје најдоцна до 25.05.2022 година до 15:30 часот.

Акционерите кои сакаат да земат учество на собранието треба да се пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието. Пријавувањето се врши писмено, со доставување пријава во архивата на друштвото или по пошта. Пријавата доставена по пошта мора да пристигне во друштвото најдоцна пред почетокот на седницата на собранието и да биде потпишана од акционерот.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва. Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат одлуки по секоја од точките на дневниот ред и можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки се испраќа до Управниот одбор на друштвото по пошта или се предава непосредно во архивата на друштвото, во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик. Во барањето треба да се наведе име и презиме на предлагачите и број на нивната сметка на која се водат акциите во ЦДХВ. Барањето треба да биде потпишано од сите предлагачи.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Прашањата во писмена форма се испраќаат до Управниот одбор на друштвото, по пошта или се предаваат непосредно во архивата на друштвото. Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста на работењето, деловната тајна, како и деловните интереси на Друштвото. Одговорите ќе бидат достапни на интернет страницата на друштвото **www.ading.com.mk**

Акционерот може со писмено полномошно да овласти лице во негово име да гласа на собранието. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое дадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното. Доставувањето на известувањето се врши во архивата на друштвото. Образците на полномошното и известувањето за даденото полномошно се достапени за превземање од интернет страницата на Друштвото **www.ading.com.mk**.

Доколку повеќе акционери дале полномошно на еден полномошник, полномошникот е должен во рок од 5 (пет) работни дена пред одржување на Собранието на акционери да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошната од акционерите.

Акционерите кои сакаат електронски да овластуваат свои полномошници за гласање на седницата на собранието, треба писмено да го известат друштвото за нивната лична е-маил адреса. Доставувањето на известувањето се врши лично во архивата на друштвото, освен ако на друштвото адресата веќе му е позната. Правните лица кои во Трговскиот регистар имаат регистрирано официјална е-маил адреса нема потреба да доставуваат известување.

Акционерите кои имаат доставено до друштвото нивна лична е-маил адреса известувањето за овластување на полномошник можат да го направат електронски ако го испратат од нивната е-маил адреса на официјалната адреса на друштвото **ading@ading.com.mk.**

Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

Материјалите што ќе се разгледуваат на собранието како и предлозите се достапни на акционерите можат да се разгледуваат во деловните простории на друштвото *(Архива)* секој работен ден од 10,00 до 12,00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на друштвото **www.ading.com.mk**

***Претседател на Управен одбор***

***/Зоран Петровски д.и.а/***

АДИНГ АД СКОПЈЕ 2